0402-616/2
04.12.2018 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија

Национална установа Драмски театар Скопје

Врз основа на чл.76-а, 76-б, 77-а,став 1 и 2, чл.77-б,77-в, 77-г, 77-д од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас за давателите на јавните услуги во НУ Драмски театар Скопје под бр.0201-478/5 од 24.09.2018 г. и Одлука за објавување на јавен оглас под бр. 0402-616/1 од 04.12.2018 согласно Согласноста од Министерство за финансии на РМ под бр.18-12727/2 од 06.11.2018 г. на ден 05.12.2018 г.се објавува

ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ

Под бр.0402-616/2

1.НУ Драмски театар Скопје има потреба од вработување на двајца (2) извршители на следното работно место:

Актер трета група- Шифра КУЛ 03 04 А05 011, на определено време од 5 години, со полно работо време од 40 часа неделно, од 10,00-14,00 и 19,00-23,00 часот., согласно месечниот план за проби и претстави. Месечна нето плата без минат труд изнесува 23.550,00 денари.

2. Кандидатот треба да ги исполнува следните општи услови:

- да е полнолетен,

- да има општа зравствена способност за работното место и

- со правосила судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

3. Кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови: високо образование со завршен VII/1 степен драмски уметности- отсек актер или најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС на факултет за драмски уметности- отсек актер или средно уметничко образование.

Потребно е до 1 година работно искуство во струката.

4. Пријавата за вработување треба да содржи:

-податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедница),

- кратко мотивациско писмо;

- кратка биографија со вклучен список на одиграни улоги во претстави;

- изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

- изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно.

Кандидатите кон пријавата треба да приложат:

-Уверение за државјанство;

-Диплома за завршено образование;

-Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност(не постаро од 6 месеци);

-Лекарско уверение за општата здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци).

-Останати документи кои се наведени во точка 4 од овој Оглас.

Сите документи треба да бидат доставени во оригинал или преписи заверени на нотар.

Јавниот оглас трае 15 дена, сметајки од денот на неговото објавување во дневниот печат.

Постапката за селекција при вработување се врши преку административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и аудиција.

Кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција одат на аудиција. Аудицијата ја врши Комисија за постапка за вработување на актер преку точно утврдена Програма за проверка на компетенции која е објавена на денот на објавување на јавниот оглас на веб страната на Театарот (www.dramskiteatar.com.mk) и на огласната табла на Театарот.
Пријавите со сите потребни документи, кандидатите треба да ги достават до Архивата на НУ Драмски театар Скопје, на адреса: ул.„Шекспирова" бр. 15, 1000 Скопје.

Ненавремените и некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Кандидатите кои продолжуваат на аудиција ќе бидат контактирани за местото и датумот на одржување на аудицијата.

Директор на НУ Драмски театар Скопје

Викторија Ранѓелова- Петровска

Република Македонија Национална установа Драмски театар СКОПЈЕ